ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 330
e-mail: snedelkovska@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 2205/24**
Дата: **18/01/2024**
Купувач: С.Неделковска
Рок на доставување: **02/02/2024**

**До:**
e-mail:
Бр.на страни: 4+2+1

[X] ПОНУДА
[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за изведување на **пескарење и бојадисување на Резервоари R-020-5, R-031-5-6, R-030-1-5, R-032-4 во кругот на ОКТА, согласно спецификацијата и предлог Договорот кои ќе Ви бидат доставени по Вашата потврда за учество во тендерот.**

**Напомена:**
-Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресата: OktaProcurementDepartment@helpe.gr најдоцна до 25.01.2024 год.
**-Активностите ќе се изведуваат во текот на 2024 година. За точниот датум на изведување на активностите ќе бидете дополнително навремено известени.**
**-Цените треба да останат фиксни и непроменети во времетраењето на изведувањето на работите.**
**-После потпишување на Договорот со ОКТА, понудувачот е обврзан во рок од денес (10) календарски дена да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на услугата во висина од 10% од вредноста на договорот. Гаранцијата треба да биде издадена од банка, во форма и содржина прифатлива за ОКТА. Важноста на банкарската гаранција треба да го покрие периодот на важност на договорот.**

**При евалуација на понудите ќе се земаат во предвид само понудите на компаниите кои го потврдиле учеството на тендерот.**

*Пред доставување на понудите, задолжително е понудувачите да направат увид на резервоарот. Денови предвидени за увид,* ***од понеделник до петок*** *од 09:00 – 15:00 h.*
***Доколку понудувачите немаат направено увид на лице место нивните Понуди при евалуацијата нема да се земаат во предвид.***

Лица за контакт во ОКТА:

- Љупчо Пановски моб.тел. +389 (0) 76 344 494
- Андреј Чешновар моб.тел. +389 (0) 76 344 433

**Со најповолниот Понудувач ќе се направи Договор за реализирање на бараната услуга.**

## 1 ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

Заинтересираните понудувачи понудата потребно е да ја достават електронски во **два фолдери**:
Првиот фолдер ќе ја носи ознаката **"ТЕХНИЧКА ПОНУДА И ДОКУМЕНТАЦИЈА"** треба задолжително да ги содржи следниве податоци и документација:

### ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се доставaт документите, по следниот редослед:**

1. Име, адреса и седиште на понудувачот, овластено лице, телефон, лице за контакт и е-маил адреса.
2. Референтна листа на претходно изведени работи од овој тип или слични работи.
3. Сите документи наведени во Прилог "Vendor onboarding mandatory documents";
4. Гарантен рок за извршените работи;
5. Време на завршување на доделената работа (во денови);
6. Тип на бојата/боите кои понудувачот планира да ги користи при извршување на работата;
7. Сертификати за бојата за основниот премаз и завршниот слој;
8. Потврда за извршен увид на резервоарите.

ОКТА го задржува правото да ја одбие техничката понуда и да не ја отвори финансиската понуда доколку сите документи наведени во точка 1 не се доставени во рокот за доставување понуди или во дополнително продолжениот рок. Во ваков случај, финансиската понуда нема да биде отворена и ќе му биде вратена на Понудувачот.

**Вториот дел ќе ја носи ознаката „КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА„** треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација:

- Единечни цени во денари без вклучен ДДВ согласно табелите наведени во Спецификацијата.
- Кај опцијата пескарење со ел. Компресор задолжително да се наведе вкупен број на денови на работа по резервоар и потрошувачка на KW на компресорот.

Комерцијалната понуда треба да се испрати задолжително **заштитена со лозинка. Лозинката** ќе ви биде дополнително побарана по прием на сите понуди во наведениот рок.

2. **Добавувачот исто така има можност да ја достави Понудата во надворешен коверт со назнака:**

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 2205/24"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД-Скопје
ул. 1, бр. 25, н.м. Миладиновци - Општина Илинден
ПО. Box 66, 1000 Скопје

**Рокот за поднесување на понудата во архивата на ОКТА е најдоцна до 02.02.2024.**
Понудите испратени по пошта ќе бидат валидни, доколку датумот на прием во пошта не е после датумот наведен како краен рок за доставување понуда.

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени **два затворени** коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**2.1 Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се доставaт:**
- Сите наведени документи наведени погоре

**2.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се доставaт:**

Запечатениот плик со назнака **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** треба да ја содржи доставената Спецификација и сите податоци наведени погоре.

Документите во печатена копија треба да бидат соодветно потпишани и со печат.

ОКТА

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

- Цената на понудата да биде изразена во МКД без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата“, ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- ОКТА го задржува правото да ги дисквалификува понудувачите кои не прифаќаат еден или повеќе од условите наведени во Барањето за понуди, вклучувајќи ги и одредбите од предлог договорот.
- Информациите во врска со евалуацијата и споредбата на понудите и препораките за доделуање договор нема да бидат откриени на понудувачите или на кое било друго лице кое официјално не е вклучено во тој процес. Секој обид на понудувачот да влијае врз обработката на понудите или одлуката за доделување на ОКТА ќе резултира со итна дисквалификација на неговата понуда.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведените услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Симона Неделковска

Раководител на набавка
Мартин Милошески